Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-2058/1
15 05 2019 год.

EVN Group

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-576/1
14.05.2019 год.
СКОПЈЕ

Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје

Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

помеѓу

1. Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје застапувана од Управител Инж. Харалд ДАМЕРЕР, МБА и Управител М-р Сашо САЛТИРОВСКИ, и
2. Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошен текст Комора), застапувана од Претседателот на Комората Проф. д-р Миле Димитровски,

во натамошниот текст „Договорни страни".

## Член 1

Со овој Меморандум за соработка (во натамошниот текст – Меморандум) се утврдуваат облиците и начинот на соработка помеѓу двете договорни страни.

## Член 2

Носители на активностите се Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопјеи Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, а целта е континуираниот професионален развој на инженерите членови на Комората, како и овозможување на вработените инженери во Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, пристап до одредени едукативни семинари организирани од Комората, кои се од взаемен интерес.

## Член 3

Општата цел на Меморандумот е преку взаемна соработка, разбирање и помош помеѓу договорните страни, да се овозможи навремена и ефикасна подготовка како и одржување на различните активности, како и користење на просториите на двете договорни страни за едукативни настани од взаемен интерес.

## Член 4

Посебна цел на Меморандумот е преку конкретни семинари и предавања, искусните инженери вработени во Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, на членовите на Комората да им ги пренесат искуствата и знаењата кои се потесна специјалност на Електродистрибуција, а на вработените инженери во Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, да им се овозможи присуство на одредени едукативни семинари организирани од Комората.

**Член 5**

Соработката помеѓу договорните страни ќе се однесува на соработка во делот на спроведување на (конкретните предавања), кои ќе се реализираат преку следните облици:

- соработка во обезбедување на потребни услови за предавања (човечки, просторни, технички);
- определување на заеднички тимови на предавачи;
- спроведување на предавања;
- подготовка и спроведување на заеднички сегашни/идни иницијативи за активностите на членовите на Комората и вработените во Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, кои ќе бидат од заеднички интерес;

Конкретните облици на соработка во рамките на овој меморандум ќе се дефинираат со посебни договори помеѓу двете договорни страни.

**Член 6**

Меморандумот може да биде отповикан, а договорната страна која го отповикува меморандумот, е должна за тоа писмено да ја извести другата договорна страна со наведување на причините за отповикување на истиот. Меморандумот ќе се смета за отповикан по истекот на 30 дена од денот кога е добиено писменото известување за отповикување.

**Член 7**

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) примероци, од кој по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Член 8**

Меморандумот влегува во сила на денот на неговото потпишување.

| | |
|---|---|
| **Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје** | **Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија** |
| **Управители** | **Претседател на Комората** |
| 1. **Инж. Харалд ДАМЕРЕР, МБА** | |
| 2. **М-р Сашо САЛТИРОВСКИ, МБА** | **Проф. д-р Миле Димитровски** |

Склучен во Скопје, на 14.05.2019 година.